# Tabula Peutengiriana

Табула Пеутингеријана е древна римска мапа која ја прикажува патната мрежа на Римската империја. Оригиналот е од 13 век, кој се базира на документ од IV или V век, со прикажана карта на светот изготвена од Агрипа при владеењето на императорот Август (27 п.н.е. - 14 н.е.). По смртта на Агрипа во 12 година п.н.е., таа карта била врежана во мермер и била изложена во областа Рим. Оригиналната римска мапа, од која ова може да биде единствената преживеана копија, последен пат била ревидирана во 4-тиот или почетокот на 5-тиот век. Се смета дека Tabula Peutengiriana е единствената позната мапирана карта на римскиот курс публикус, државната патна мрежа. Самата преживеана мапа била создадена од монах во Колмар во денешна источна Франција во 1265 година. Тоа е пергаментски свиток, висок 0,34 метри и долг 6,75 метри, составен од единаесет делови, средновековна репродукција на оригиналниот свиток.




## КРУПИШТЕ

Крупиште е село кое се наоѓа на 15 километри северно од Штип. На запад од Крупиште се издигаат чуките Богослов Камен и Клетовник, а помеѓу нив на север се простира една ширина која го носи топонимот Градиште. Има наоди кои укажуваат дека овде постоел еден утврден антички град, стратешки поставен на делницата од Стоби према Пауталиа и Сердика, со голема веројатност тоа да е било станицата Транупара, која се наоѓала на 45 километри од Стоби. Името Крупиште го среќаваме во 1355 година каде што српскиот владетел Стефан Душан го одржал државнит собор, непосредно пред неговата смрт. Крупиште се споменува и во 1573, имало војунци кои обработувале земја на рајата во ова село. Војунци се христијани кои служеле како војници во коњушница на Турската војска.

## TRANUPARA

Фактот за постоењето на Транупара како град или патна станица потекнува од Табула Пеутингеријана. Транупара носи трачко име и се претпоставува дека тоа место било населено со тракијци по казна во периодот кога римјаните ја освојуваат и пацифицираат Тракија. Во Табула Пеутингериана е специфицирано дека Транупара се наоѓа на 30 римски милји, т.е. 45 километри од Стоби на трасата за Пауталиа и Сердика, додека патното растојание од Стоби до Астибо е 20 милји, т.е. 30 км. Тие размери се приближни и одговараат со местоположбата на Астибо кај Штип и Транупара кај селото Крупиште, на посочениот локалитет Градиште. Тогашниот пат не можел да оди од Стоби преку Астибо за Транупара поради непроодноста на мочурливиот терен по течението на реката Брегалница.




# Епископиите во Macedonia Secunda

Хиерокле набројува 8 поголеми градови во Macedonia Secunda, кои се претпоставуват дека биле епископии, и тоа Stoboi, Argos, Eustraion, Pelagonia, Bargala, Kelainidion, Armonia и Zapara. Се знае дека Macedonia Secunda се простирала на земјата на пајонците, главно од левата страна на реката Вардар, помеѓу сливот на реките Брегалница и Пчиња, Тиквешијата и Пелагонската рамнина.

**1. STOBOI – СТОБИ**

Стоби е древен град кој има бујно минато. Во Стоби е откриена една синагога која е градена во 3 век, каде живеела богата еврејска заедница. Во 388 година доаѓа императорот Теодосие во Стоби, каде издава два едикта со кои се забранува собирање на еретиците и јавна дискусија за религијата.

**2. ARGOS – АРГОС**

Аргос како епископски град постоел на археолошкиот локалитет Црквиште кај Клечовце - Младо Нагоричане. Деспот Дејан во времето на владеењето на цар Душан ја гради својата задужбина во местото Архиљевица, каде била штотуку изградена и црквата Свети Ѓорги. Територијата на која Младо Нагоричане се зачнува како населено место, претходно се викала Архиљевица. Архиљевица има корен од името на градот Аргос кој постоел на тоа место. Името Аргос на еден град во Македонија го среќаваме во Летајскиот натпис, кога во 119 година п.н.е. римјаните водат битка со надојдените Scordisci во околината на Аргос. На локалитетот Црквиште се целосно откриени контурите на една од најголемите и најстарите цркви во Македонија, за која се претпоставува дека потекнува од петтиот век, со можност да е епископската црква во градот Аргос.

**3. EUSTRAION – ЕУСТРАИОН**

Еустраион е епископски град кој постоел на археолошкиот локалитет Градиште кај селото Дреново. Од тоа место се носени мермерни артефакти при обновување на Црквата "Св. Богородица", изградена во времето на цар Душан и живописана во 1356 година од зографот Димитрие.

**4. PELAGONIA – ПЕЛАГОНИА**

Убикацијата на епископскиот град со името Пелагониа не е позната. Можеби Пелагониа е синоним со Битола, т.е. Heraclea Lyncestis, град кој го подига Philip II, на бојното поле по победата над Илирите, предводени од Бардилис.

**5. BARGALA – БАРГАЛА**

Убикацијата на Баргала е позната и се наоѓа кај Горни Козјак. Баргала е спомнта и во актите на Халкедонскиот собор од 415 год, и на еден натпис од 371 година

**6. KELAINIDION – КЕЛАИНИДИОН**

Се претпоставува дека Келаинидион постоел во Конче, на местото на црквата Свети Стефан, позната и како Света Богородица, изградена во 1366 година од страна на војводата Никола Станоевиќ. Украсен мермерен камен со дуборез од периодот на постоењето на Келаинидион е вграден во надворешен ѕид на црквата во Конче.

**7. ARMONIA – АРМОНИА**

Единствен податок за Армониа постои како име при набројувањето на 8-те епископии од страна на Хиерокле во Macedonia Secunda. Целото Виничко Кале е прокопано до здравицата при што се најдени и уникатните теракотни икони, фрлени на депонија, кое нешто е можно да се случило во времето на императорот Теодосие, кога во 388 година доаѓа во Стоби и издава два едикта со кои се забранува собирање на еретиците и јавна дискусија за религијата. Претпоставка е дека Армониа постоела во селото Градец, на една зарамнета ридинка именувана Домаратка.

**8. ZAPARA – ЗАПАРА**

Запара е епископски град кој се наоѓал на археолошкиот локалитет Големо Градиште кај Коњух и се спомнува во актот на 5-иот Вселенки црковен собор во 553 година, кога владиката Сабијан од градот Запара одбил да присуствува на соборот, бидејќи неговиот архиепископ Benatus од Justiniana Prima го бојкотирал истиот.




# STOBI - ПУСТО ГРАДСКО

Археолошките ископувања и знаењето за минатото на Стоби се од голема важност за разбирање на збивањата и судбината на епископските градови Баргала и Армониа, подигнати на левиот брег на реката Брегалница, која се влива во Вардар, наспроти Стоби. Историчарот Ливие, вели дека Стоби се наоѓа на Црна Река, недалеку од местото каде што таа се влива во Вардар, и го нарекува „стар град", наспроти новиот град Персеида, кој бил основан од Филип V 183 година пред н.е., на местото на поранешниот град Eustraion, на влезот на Дреновската Клисура во близина на селото Дреново. После победата на Римјаните над македонскиот крал Персеј во 168 година пред н.е., Македонија е поделена на четири области а Стоби станува центар за трговија со сол на третата област. Во 69 година од н.е. се подигнува статусот на Стоби во ранг на municipium, кога во него почнале да се коват пари со натпис municipium Stobensium. Најистакнат видлив споменик на римскиот град е Театарот, изграден во II или почетокот на III век од новата ера. Во Стоби се откриени и остатоци од една синагога која датира од периодот од пред постоењето на христијански храмови. Прилично богата еврејска заедница постоела во Стоби уште во III век, кога синагогата е изградена од страна на таткото, покровителот Полихармос. Синагогата е уништена при крајот на IV век, а на нејзиното место била подигната христијанска базилика.

Познати се некои стобски епископи од V век како што е Никола кој учествувал во работата на Халкедонскиот собор од 451 година, и Филип чие име е забележано на надвратникот на влезот во наосот од Епископската базилика.



Крајот на V век бил катастрофален за овој град. Стоби во 472 година се спасил од уништувањето со дозволата да му биде отворена портата на Теодемир, крал на Остроготите. Платено е огромна сума пари и залихи од храна на остроготската војска, која тогаш се устремила кон Константинополис. Стоби во 479 година имал полоша судбина кога бил ограбен од војската на Теодорих, син и наследник на Теодемир. Непосредно по тоа, во 518 година, Стоби е погоден од големиот земјотрес, при што градот никогаш повеќе не оживува и населението го напушта својот град, од страв од епидемија и продирање на Словените при крајот на VI век. Доаѓа период кога Стоби вечно станува Пусто Градско.


Поглед кон разрушениот град Стоби

# СЕЛО ГРАДЕЦ – ВИНИЦА

Градец е село кое се наоѓа во подножјето на планината Плачковица, на 4 километри јужно од градот Виница. Атарот на селото зафаќа голема површина, кое нешто е документирано и во еден турски дефтер од 1573 година. Градец е царски хас и опфаќа голем број на маала помеѓу кои е вбројана и Виница како маало на Градец. Во атарот на селото се наоѓа маалото Чилик, маалото Братан, маалото Горна, маалото Армен, маалото Поп Продан, маалото Поп Тодор, маалото Гумно, маалото Леска, маалото Горна Леска и маалото Јасмок или Јакимово. Народот во Градец се претежно христјани, со само мал број на Турци, кои го држат поробеното населени во свои раце, поседувајќи 15 муслимански чифлици. Изненадува дека во Градец се набројани и две маала кои носат попско име, маало Поп Продан и маало Поп Тодор. Ова укажува дека пространиот атар и името на селото Градец носи корен од некое богато минато, каде се наоѓал еден црковен центар како што е епископскиот град Армониа.







# ARMONIA - АРМОНИА

Армониа како утврден град постоел во Градец на една заравнена ридинка викана Домаратка, во периодот кога Константин Велики го воведува христијанството како државна религија па се до крајот на V век, кога во 479 година е Стоби разурнат од војската на Теодорих. Судбината на Армонија како епископија и град не е позната и тоа нешто останува како предизвик на археолозите во иднина да го воочат и докажат фактот кога е градот уништен.

Виничкото Кале е прокопано до здравицата при што се најдени и теракотните икони фрлени на депонија. Еден таков суров акт било можно да се случи во периодот кога императорот Теодосие I доаѓа во Стоби и издава два едикта во текот на јуни 388 година од новата ера, со кои се забранува собирање на еретиците, како и било каква јавна дискусија за религијата. На Виничкото Кале се откриени и темелите на една ранохристијанска базилика со мали димензии, кое нешто укажува дека овде не е било можно да постои епископијата на градот Армониа. Мистерија е прашањето како би можело да постојат две епископии во непосредна близина на левиот брег на реката Брегалница, Баргала и Армониа. Податоците за постоењето на Армониа се сведени само на името при набројување на 8-те градови во Macedonia Secunda од страна на Хиерокле, додека за Баргала се знае дека името на епископот Дарданиј од Баргала го наоѓаме во списоците на Халкедонскиот собор од 451 година. Името Баргала се среќава и на еден наод со латински натпис датиран од 371 година, во кој се говори за подигањето на градската порта на баргалците од Баргала.


Локалитет ДОМАРАТКА - село Градец